EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

# КОНФЕРЕНЦИЈА

# ГОДИНИ ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА: ПОСТИГНУВАЊА И ИДНИ НАСОКИ

20 НОЕМВРИ 2025 ГОДИНА
ИЗВЕШТАЈ ОД НАСТАНОТ

Финансирано од
Европска Унија

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

# СОДРЖИНА


Вовед ....................................................................................................................4

Организатори...........................................................................................................5

Учеснички и учесници ..............................................................................................5

Презентации и дискусии ..........................................................................................6

Поздравни обраќања..............................................................................................6

КСЗД – Пет години професионализам и доверба во заштитата од дискриминација.........8

Заштита од дискриминација во рамки на Советот на Европа ...........................................11

ЕУ стандарди за еднаквост и улогата на телата за еднаквост ..........................................16

Заклучни согледувања ...........................................................................................21


Финансирано од Европска Унија

# Вовед

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) е националното тело за еднаквост воспоставено со Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) од 2020 година. Во јануари 2021 година, Собранието на Република Северна Македонија ја формираше првата професионална Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) како самостоен и независен орган со надлежности за промоција, превенција и заштита од дискриминација. По повод петгодишнината од формирањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 20 ноември 2025 година беше одржана конференција со цел да се согледа досегашниот развој на телото, неговото влијание врз заштитата на човековите права и еднаквоста, како и перспективите за натамошно унапредување на неговата улога. Петте години од воспоставувањето на Комисијата претставуваат значајна точка за пресек на резултатите – во однос на институционалното зајакнување, практиката на одлучување, пристапот до правда на ранливите групи, како и видливоста и присуството на КСЗД во јавниот дискурс.

Конференцијата беше организирана со цел да се обележат постигнувањата, но и критички да се разгледаат клучните предизвици со кои Комисијата се соочува при спроведувањето на мандатот на првиот професионален состав формиран во 2021 година. Преку дискусии меѓу Комисијата, институциите, граѓанските организации и експертите на домашно и регионално ниво, беа идентификувани области во кои се потребни дополнителни мерки за зајакнување на независноста, ефективноста, ресурсите и јавната доверба во телото. Посебен фокус беше ставен на улогата на КСЗД во контекст на евроинтеграциите, потребата од усогласување со европските стандарди и интензивирање на соработката со регионалните тела за еднаквост.

Овој извештај ги сумира клучните пораки од конференцијата, постигнатите резултати во периодот 2021–2025, како и препорачаните насоки за понатамошна работа. Со тоа, тој има за цел да придонесе кон развојот на силно, видливо и ефикасно тело за еднаквост, кое ќе биде суштински дел од националните политики за човекови права и од евроинтегративните процеси во државата.

## Организатори

- Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ финансиран од Европската унија, имплементиран од Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права

## Учеснички и учесници

| Бр. | Име и презиме | Институција |
|---|---|---|
| 1. | Лимко Бејзаровски | КСЗД |
| 2. | Душан Томшиќ | КСЗД |
| 3. | Игор Јадровски | КСЗД |
| 4. | Зекир Абдулов | КСЗД |
| 5. | Николина Тошанова | КСЗД |
| 6. | Горан Нешевски | КСЗД |
| 7. | Ана Угрова | КСЗД |
| 8. | Андријана Николова | КСЗД |
| 9. | Вецко Здравески | КСЗД |
| 10. | Мирсад Арифи | КСЗД |
| 11. | Ирина Миќеска | КСЗД |
| 12. | Елка Тодорова | КСЗД |
| 13. | Бобан Марковски | КСЗД |
| 14. | Жанета Попоска | ОБСЕ |
| 15. | Бојана Велковска | Основен граѓански суд Скопје |
| 16. | Сенада Сали | Европски Центар за Права на Ромите |
| 17. | Неда Чаловска Димовска | Адвокатка |
| 18. | Брунила Менала | Комесар за заштита од дискриминација Албанија |
| 19. | Ниман Хајдари | ЕКВИНЕТ |
| 20. | Моника Чаловиќ | Народна правобранителка Хрватска |
| 21. | Симонида Кацарска | ЕПИ |
| 22. | Соња Мојсовска | АСЈО |
| 23. | Бисера Ристовска | ХОПС |
| 24. | Благица Димитровска | ИНКЛУЗИВА |
| 25. | Александра Савеска | МЦМС |
| 26. | Блаже Дарудов | МИА |
| 27. | Анета Станчевска | МВР |
| 28. | Весна Костиќ-Ивановиќ | Народен Правобранител |
| 29. | Илбер Руфати | Народен Прабобранител |
| 30. | Василка Димоска | ПОРАКА |
| 31. | Владо Крстовски | ПОРАКА |
| 32. | Зорана Антовска | ТРН |
| 33. | Јасна Аранѓеловиќ Оровчанц | Здружение на млади правници |
| 34. | Сања Фрковиќ Гелевска | ЕУД |
| 35. | Акаш Хасан | Амбасада на Кралство Холандија |
| 36. | Кристина Каранакова | Американска Амбасада во Скопје |
| 37. | Адријан Исмаили | Американска Амбасада во Скопје |
| 38. | Наталија Спасовска | ГИЗ |

Финансирано од Европска Унија

| | | |
|---|---|---|
| 39. | Барара Лигл | Проект РОЛ |
| 40. | Наташа Бошкова | Проект РОЛ |
| 41. | Љупка Трајановска | Проект РОЛ |
| 42. | Кети Јандријеска Јованова | Проект РОЛ |
| 43. | Дитер Шиндлауер | Проект РОЛ |
| 44. | Кристина Весиќ | Проект РОЛ |
| 45. | Мери Бакал | Проект РОЛ |
| 46. | Татјана Мијовска | Проект РОЛ |

## Презентации и дискусии

**Поздравни обраќања**

- Лимко Бејзаровски, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
- Барбара Лигл, лидерка на компонента 4, проект Поддршка на ЕУ за владеење на правото

**Лимко Бејзароски**, донеодамна претседател, а сега член на КСЗД, го отвори настанот и изрази благодарност за учеството на сите засегнати страни на настанот. Тој го изрази своето задоволство што по пет години од законското регулирање на дискриминацијата и поставувањето на законскиот основ за воспоставување на КСЗД, институцијата се движи во добра насока. Формирање на КСЗД е големата придобивка од донесување на ЗСЗД која на дело покажа дека еднаквоста е основниот принцип и фундаментално право на човекот, бидејќи само правно еднакви граѓани се слободни граѓани. Вредноста, достоинството и слободата се највисоките човечки особини и тоа мора безрезервно да се почитува. Со постапувањето на КСЗД се испраќа силна порака до јавноста дека примената на законот важи еднакво за сите, правната заштита е еднакво достапна за сите и граѓаните уживат еднакви права и слободи. Лимко Бејзароски потенцирање дека како институција носат огромна одговорност во нашето општество, а резултатот од трудот и напорот се заедничко дело на сите заедно. Ваквиот начин на работа на КСЗД ни овозможи да се наметнеме како централен национален авторитет на просторот на Македонија решавајќи голем дел на индивидуални и системски прашања од интерес за граѓаните и земјата. Спроведувањето на правната еднаквост во секојдневниот живот е императив и заложба за сите, бидејќи законите, политиките и практиките не треба да предизвикуваат дискриминаторски ефекти. Иако одлуките и мислењата на КСЗД немаат правно обврзувачки карактер, сепак, со убедливиот авторитет на еднаква основа ги штити граѓаните од секаква форма на нееднаквост и дискриминација, со посебено внимание кон послабите и помалубројните граѓани од наметнување влијанија на посилниот и помногубројниот. Лимко Бејзароски потенцираше дека Македонија е јака колку што се јаки слабите граѓани кои живеат во неа. Со дискриминација секогаш се крши некое право, но секое кршење на право не е дискриминација, од тука стојам исправен пред вас за одговор за сé што досега сработивме и за тоа што не сработивме, а требало да го направиме. Конференцијата ќе ја отворам со пораката: Само со еднакво постапување спрема еднаквите и нееднакво постапување

спрема нееднаквите ќе можеме да се надеваме дека чекориме кон вистинскиот пат за да ја поразиме секоја форма и облик на дискриминација. Афирмативни мерки за послабите и ранливи категории на граѓани се добриот пат за обезбедување на еднакви можности за секој во општеството. Со тоа ние ќе се чувствуваме еднакви, а земјата ќе напредува на сите нивоа.

**Лидерката на компонента 4 на проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото, Барбара Лигл,** ги поздрави присутните и им посака добредојде во името на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, финансиран од Европската Унија и имплементиран од Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права. КСЗД е една од четирите главни корисници од активностите кои ги поддржува компонентата за човекови права. Од мај 2023 година, приближно половина од периодот од пет години, проектот Поддршка на ЕУ за владеењето на правото ја придружуваше КСЗД во спроведувањето на нејзиниот мандат на уште поефикасен начин, преку мерки за градење капацитети и поддршка на напорите на КСЗД за подигање на свеста за зголемување на нејзината видливост. КСЗД го зголеми бројот на нови пријавени случаи на повеќе од 400 во 2024 година. Проектот Поддршка на ЕУ за владеењето на правото ги фокусираше нашите активности со КСЗД на мерки што имаат за цел одржливост на спречувањето и заштитата од дискриминација. Вработените во КСЗД учествуваа во четири партиципативни работилници за пишување предлози за проекти, што треба да му овозможи на КСЗД да подготвува предлози за проекти што имаат за цел зголемување на нивната ефикасност и видливост. Двапати годишно, проектот споделува информации за релевантни одлуки на Судот на правдата на ЕУ, Европскиот суд за човекови права и релевантните тела на ООН со вработените во КСЗД преку еднодневна обука. Овие мерки за градење на капацитетот на институцијата се оценети како многу корисни за практичната работа, а дел од стекнатото знаење е искористено во случаи и извештаи на КСЗД. Со развивање на Центар за е-ресурси за еднаквост, проектот ја поддржува КСЗД да прерасне во централен орган за еднаквост и недискриминација. Центарот ги поддржува капацитетите и ресурсите на КСЗД да обезбеди знаење, податоци и информации за теми за еднаквост и недискриминација, а воедно ѝ овозможува на јавноста лесно да ги добие преку бесплатна и отворена онлајн платформа. Центарот за е-ресурси е веб-апликација за пребарување која содржи национални извештаи, законодавство, политики и случаи. Развиен е и наскоро ќе помине низ фаза на тестирање. На крај, но не и најмалку важно, проектот ја поддржа КСЗД во развивање извештаи кои се полесни за читање, ориентирани кон целните групи и попријателски за корисниците со користење на раскажување на приказни и визуелизација на податоци. Соработуваме на тематски извештаи кои ја поддржуваат имплементацијата на Националниот акционен план за жени и девојчиња Ромки и годишниот извештај на КСЗД. Годишниот извештај за 2024 година веќе покажува визуелизација на податоци заедно со упатствата обезбедени од нашиот проект.

КСЗД – Пет години професионализам и доверба во заштитата од дискриминација

- Игор Јадровски, член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
- Илбер Руфати, Заменик народен правобранител
- Бојана Велковска, судија во Основен граѓански суд Скопје
- Жанета Попоска, Офицерка за владеење на правото, Канцеларија на ОБСЕ во Скопје

Модераторка: Ана Угрова, Комисија за спречување и заштита од дискриминација

**Игор Јадровски, член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација.** Како дел од првиот основачки состав на КСЗД од 2021 година, Игор Јадровски направи рефлексија на успесите и предизвиците во воспоспоставувањето на телото. Првиот состав на членовите на КСЗД имаа уникатното искуство да се изгради институција од нула и првиот успех е институционалното и капацитетното градење на КСЗД. Во тој процес, институцијата беше соочена со политички притисоци, беше предизвик да се одржи самостојноста и независноста, клучни апсекти на функционирањето на КСЗД. Во првите неколку месеци од формирањето на телото, КСЗД се вклучи во дискусијата за прашања кои предизвикуваат јавен интерес и се од важност за превенција на дискриминациаја, Така, КСЗД изработи и објави во јавност стручно мислење по предлогот за воведување на категоријата етничка припадност во личните карти, предлог содржан во предлиг законот за измени и дополнување на Законот за лични карти. Оттогаш, КСЗД во повеќе случаи покажала дека е професионално тело кое може да оддолее на политички и други надворешни влијанија. Од самите почетоци, па и денес, КСЗД е препознаена главно по својата заштитна функција. Поднесувањето и одлучувањето по претставки е централна надлежност и низ годините бројката на поднесени претставки постојано се зголемува. КСЗД донесе мислења и воспостави пракса за случаи кои претходно беа занемарени од другите институции. Игор Јадровски тука особено ги потенцира ранливите групи со ниска доверба во институциите, бремените работнички, земјоделки, лицата со попреченост, пристапот до јавни добра и услуги, вознемирувачки говор врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, дискриминација врз Ромите и широко толкување на концептот домување. Тој го истакна мислењето за сегрегација на ромските ученици кое беше цитирано во одлуката на ЕСЧП, Елмазова и други против Северна Македонија. Дополнително, беше истакнато дека КСЗД е прво тело за еднаквост кое се вклучило во судски постапки како пријател на судот и кое се јавува како тужител во *actio popularis* постапка. Како особено важен личен, но и институционален успех, Игор Јадровски ја потенцираште отворената соработка со граѓанскиот сектор, што може да се види во повеќе контркретни активности и проекти кои КСЗД ги има спроведено во соработка со граѓанските организации. Особено, како успех ги смета и тематските извештаи кои КСЗД ги изготвува (активности предвидени со Националниот акцискиот план за жени и девијки Ромки), и кои всушност се и први објавени тематски извештаи на КСЗД.

Во делот на предизвиците и приоритети за во иднина, Игор Јадровски потенцираше дека прв приоритет на КСЗД е да го положи тестот на времето. Историјата покажала дека многу самосотојни тела кои почнуваат добро да работат, после неколку години го достигнуваат врвот и не успеваат да го здржат високото ниво на работа, па почнуваат да одат во надолна линија, пред се, како резултат на политичко влијание. Следен приоритет на КСЗД е да премине од реактивно во проактивно тело. Преку поддршка од различни донатори, телото, се обидува да ги реализира сите надлежности на КСЗД, но сé уште најголемиот дел од работата на КСЗД се фокусира на постапувањето по претставки. Подобрувањето на промотивната функција, учеството во изработка на закони и политики, зајакнување на меѓународното известување треба да бидат приоритет во иднина. Последен приоритет, според Игор Јадровки, е КСЗД да се позиционира како клучен чинител во процесот на транспонирање на директивите, кои се клучни за исполнување на обврските од Поглавје 23 во процесот на пристапување кон ЕУ. Дополнително, транспонирањето на директивите во голема мера ќе го одреди понатамошниот пат на КСЗД и нејзиното функционирање во насока на доволно човечки капацитети за работа, доволен буџет и финансиска независност.

**Илбер Руфати, Заменик народен правобранител,** во своето излагање им честита на КСЗД за петгодишното обележување на нивната работа. Во однос на улогата на Народниот правобранител во заштитата до дискриминација, особено по донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја потенцираше некоординираноста помеѓу КСЗД и Народниот правобранител во спроведувањето на надлежностите кои произлегуваат од ЗСЗД. Низ годините, со заеднички напори на двете институции, се воспостави добра соработка. Илбер Руфати ја потенцираше потребата од дополнителни напори за продолжување и зајакнување на таа соработка со цел обезбедување на подобра заштита од дискриминација на сите граѓани.

**Бојана Велковска, судијка во Основен граѓански суд Скопје**. Најпрво зборуваше за разбирањето на концептите на еднаквост и недискриминација во судската пракса на граѓанските судови, особено по донесувањето на ЗСЗД. Судијката потенцираше дека во изминатите пет години забележан е значителен напредок во разбирањето и примената на антидискриминациските одредби во судските постапки. Напредокот се должи на обуките спроведени со поддршка на канцеларијата на ОБСЕ во Скопје. Сепак, праксата покажува дека сé уште се мешаат концептите на дискриминација и мобиг-вознемирување на работно место, па во случаите на дискриминација во областа на работните односи, често пати се разгледува како случај на мобинг, согласно Законот за вознемирување на работно место. Отсуството на добро познавање на обележјата на дискриминацијата и процедуралните аспекти при разгледување на случаи на дискриминација, резултира со брања од страна на судот дискриминираните лица да се обратат до дискриматорите пред да побараат судска заштита. Ваквата праска укажува на потреба од дополнителни обуки за заштита од дискриминација. За надминување на ваквата пракса, таа предлага и заеднички обуки со

КСЗД со цел појаснување на надлежностите, формите на дискриминација и слично. Во делот на предлозите за подобрување на соработката на судовите со КСЗД, судијката Бојана Велковска предлага зајакната соработка преку редовно организирање на тркалежни маси на кои би се отворале прашања и предизвици со кои се соочуваат институциите при постапување во случаи за заштита од дискриминација. Судијката предлага размена на извештаите со цел судовите редовно да се запознаваат со состојбата со дискриминацијата во државата. На крај, судијката Бојана Велковска во своето излагање ја охрабри КСЗД почесто да се вклучува во судските постапки за заштита од дискриминација и во рамките на своите надлежности да учествува во судските постапки.

**Жанета Попоска, Офицерка за владеење на правото, ОБСЕ.** Во своето излагање, Жанета Попоска ги потенцираше најзначајните аспекти на соработката меѓу КСЗД и меѓународните партнери во јакнењето на системот за заштита од дискриминација, особено со фокус на соработката на ОБСЕ и КСЗД. КСЗД како стратешки партнер на Мисијата на ОБСЕ во Скопје доби повеќе годишна поддршка во воспоставувањето и зајакнувањето на правната и инситутционалната рамка за заштита од дискриминација. ОБСЕ ја поддржа подготовката на двата Закони за спречување и заштита од дискриминација, едниот донесен во 2010 година и другиот во 2019 и 2020 година, соодветно. ОБСЕ ја поттикнува и поддржува работата на КСЗД во операционализирање на надлежностите кои се однесуваат на превенција и промоција на дискриминација. Преку спроведување на заеднички активности се ефектурираат надлежностите, се зајакнува стручната служба и соработката со други институции и организации, како на пример, Народниот правобранител, Акадамијата за судии и јавни обвинители и граѓанските организации. Жанета Попоска, како главни успеси од досегашната соработка ги истакна, прво, развивањето на критериуми за стратешко застапување преку кои КСЗД ќе може поедноставно да идентификува случаи во кои би се вклучиле во судските постапки и во која улога (замешувач, пријател на судот, или пак, како тужител). Критериумите се изработени во партнерство со комесарката за човекови права во Србија, институција која има воспоставено добра пракса за стратегизирање во застапувањето на случаи на дискриминација. Понатаму, изработката на Водичот за преминување на товарот на докажување кој дава јасни насоки за правните практичари, особено судовите и КСЗД, за преминувањето на товарот на страна на тужениот/пријавениот за дискриминација. Водичот содржи бројни примери, компаративни искуства и одлуки го различни судски инстанци. ОБСЕ ја поддржа работата на КСЗД во развивање на интернет страницата која е една од ретките пристапни страници на институции во Република Северна Македонија. Го поддржа развивање на системот за управување на предмети и други корисни алатки за олеснување на работатата и подобро операционализирање на работата на КСЗД. Во однос на следните предизвици, претставничката на ОБСЕ се осврна на потребата од работа на намалаување на дигиталниот јаз помеѓу етничките групи, лицата со попреченост и справување со алгоритмичката дискриминација.

Заштита од дискриминација во рамки  на Советот на Европа

- Сенада Сали, Правна директорка, Европски Центар за Права на Ромите
- Неда Чаловска Димовска, адвокатка
- Брунилда Менала, претставничка на Комисарот за заштита од дисркриминација во Албанија
- Зекир Абдулов, член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

**Модераторка:** Наташа Бошкова, Експертка за човекови права на Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“

## Сенада Сали, Правна директорка на Европскиот Центар за Правата на Ромите

Експертката беше поканета во својство на правна директорка на Европскиот центар за правата на Ромите (ERRC) да даде осврт на нивната работа и придонесот кон унапредуавање на заштитата на правата на Ромите во рамки на Советот на Европа, како и соработката со КСЗД во преточување на овие стандарди во националната правна пракса. Нејзиниот придонес беше фокусиран на улогата на Советот на Европа во унапредувањето на стандардите за еднаквост во земји-членки, како и на практичните импликации од овие стандарди за маргинализираните заедници, вклучувајќи ги и Ромите. Во последните децении, Советот на Европа изгради еден од најсеопфатните и најефикасни системи за заштита од дискриминација, вклучително и дискриминацијата кон Ромите. Комитетот на министри усвои серија напредни препораки за еднаквост на жените и девојчињата Ромки, за учество на младите Роми, за сеќавање на Холокаустот и спречување злосторства против човештвото, важен инструмент за борба против антициганизмот и ревизионизмот и други документи. Овие препораки се надоградуваат врз претходните препораки во однос на домување, образование, здравство, пристап до правда, медијација и општи инклузивни политики. Понатаму, усвоен е Стратешкиот акциски план за инклузија на Роми 2020–2025, кој поставува јасни цели за државите: еднаквост, борба против антициганизмот и промовирање учество. Парламентарното собрание игра клучна политичка улога особено преку усвојувањето на Резолуцијата 2523 (2023) за институционален расизам во полицијата против Ромите, што претставува историско признание на системската дискриминација. Сенада Сали, особено ја потенцираше важноста од усвојување на генералните препораки на ЕКРИ (ECRI) GPR No.13 за борба против антициганизмот и GPR No.3 за расизам и нетрпеливост.

Во однос на примената на стандардите на Совет на Европа на национално ниво, таа ја истакна соработката на КСЗД со ЕРРЦ и повикувајќи се на овие стандарди КСЗД ги усвои Општи препораки за домување (2025), еднаков пристап до вода (2022), десегрегација во основно образование (2022), образование во казнено-поправни установи (2023);

учествуваше како пријател на судот во стратешки постапки; донесе индивидуални мислења кои се користеа во предметите пред ЕСЧП (како *Elmazova* and Others v. North Macedonia и *Mamudoska and Others v. North Macedonia*); подготви заеднички Rule 9 поднесоци со ERRC во надзорот на пресудата *Elmazova* и други.

Според Сали, постигнувањата на Советот на Европа не лежат само во усвојувањето стандарди, туку во тоа што овие стандарди им даваат моќ на институциите, организациите и заедниците да создадат реални промени. Во таа насока, и покрај значителниот напредок во правната рамка, Ромите остануваат најдискриминирана група во Европа. За да станат инструментите на Советот на Европа уште поефективни, потребни се неколку клучни чекори во засилување на борбата против антициганизмот преку развивање на нов обврзувачки инструмент за антициганизам; воведување на заеднички индикатори за следење на дискриминацијата во полиција, образование, домување и администрација и поддршка на редовни обуки за полиција, судство и јавни институции за заштита од дискриминација. Во однос на сегрегацијата, таа предлага утврдување на минимални обврзувачки стандарди за десегрегација и насоки за постапување на општините. Советот на Европа треба да охрабри државите да им овозможат на телата за еднаквост да користат стратешко застапување особено *actio popularis* за системска дискриминација; да поднесуваат барања за пријател на судот и во постапки пред ЕСЧП. Искуството на ERRC покажува дека пресудите како *D.H., Horváth and Kiss*, *Yordanova*, *Elmazova* имаат длабок ефект. Потребно е да се засилат домашните механизми за спроведување на пресуди; спроведување на обуките за судии; подобрување на пристапот до правна помош за Ромите и обезбедување на финансиска поддршка за стратешко парничење. Ова е клучно, доколку сакаме инструментите на Советот на Европа да се преточат од стандарди „на хартија“ кон стандарди поддржани со надзор, отчетност и локален капацитет. На крај, Сали заклучи дека поголем фокус на антициганизмот, десегрегацијата, полициските злоупотреби, ромските жени и телата за еднаквост ќе доведе до реални промени во секојдневниот живот на Ромите.

### Неда Чаловска Димовска, адвокатка

Неда Чаловска, своето излагање го започна со констатацијата дека сите стандарди на Советот на Европа се важни, но во нашиот контекст најшироко препознаени се Европската конвенција за човекови права и Европскиот суд за човекови права како инструменти за заштита на човековите права, вклучително и заштитата од дискриминација. Истанбулската конвенција, исто така е признаена, меѓутоа Препораката бр. 1 — која се однесува на дигиталното насилство врз жените и е особено релевантна за дискриминацијата во областа на технолошки потпомогнатото сексуално вознемирување — не е ниту доволно препознаена ниту користена. Препораките на ЕКРИ и Европската социјална повелба, исто така, не се доволно познати ниту применувани. Во однос на интерсекционалноста, важно е да се нагласи дека самиот Европски суд за човекови права започна да го применува овој пристап дури во 2012 година, пред само тринаесет години, во пресудата *B.S. против Шпанија*, каде за првпат беше истакнато дека испреплетените идентитети на апликантката

— како жена со африканско потекло која работи како сексуална работничка — ја прават поизложена на расно профилирање од страна на полицијата. Овој развој е најочигледен во работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како преку поединечните одлуки по конкретни предмети, така и преку нејзините општи препораки.

Тука постои важна разлика меѓу мандатот на КСЗД и мандатот на судовите: додека судовите се строго врзани со она што е наведено во тужбата, Комисијата има овластување да оди чекор понатаму и да го идентификува пресекот на идентитети што го прават едно лице поизложено на дискриминација, дури и кога таков аргумент не е експлицитно истакнат во претставката. Токму затоа, улогата на Комисијата е толку значајна — таа создава пракса која подоцна треба да ја следат и применуваат практичарите, вклучително и судовите. За жал, тоа не секогаш се случува во пракса.

Позитивен пример претставува континуираната практика на Комисијата за утврдување интерсекционална дискриминација во случаи поврзани со бремени жени, каде што таа утврдува дискриминација врз основа на пол — односно бременост — семеен статус и личен статус. Комисијата разви конзистентна пракса во оваа област и сѐ почесто се перципира како единствената институција каде бремените жени можат да очекуваат правда, имајќи предвид дека судовите, во најголем дел од случаите, се фокусираат исклучиво на формалниот аспект на договорите на определено време и не ги испитуваат причините за нивното необновување, што претставува занемарување на начелото на еднаквост.

Најчестите предизвици поврзани со заштитата од дискриминација е недостапноста на механизмите за заштита. Многу граѓани, особено од руралните средини, ромските заедници или лицата со попреченост, не знаат каде да поднесат претставка, која институција е надлежна или како да докажат дискриминација. Недостапноста треба да се разбере и физички и економски. Повеќето институции остануваат недостапни за лицата со физичка или сензорна попреченост. Дури и самата Комисија е делумно недостапна поради недостигот на лифт до вториот кат. Ова значи дека комесар кој користи количка, доколку биде именуван, не би можел да пристапи до својата канцеларија како и останатите членови. Судовите не се исклучок — истражувањата покажуваат дека над 50% од судовите се недостапни. Дури имавме и случај каде сведок во постапка за дискриминација не можеше да влезе во судницата поради недостапност, па беше одржано импровизирано рочиште во писарницата, во крајно несоодветни услови. Од економски аспект, иако Законот за спречување и заштита од дискриминација предвидува ослободување од судски такси во случаи на дискриминација — што претставува значајна предност — тоа не е доволно, бидејќи луѓето не се свесни дека можат да побараат правно застапување преку бесплатна правна помош. Судовите често ја игнорираат суштината на нееднаквиот третман и се држат до формалните елементи. Типичен пример е бременоста: во случаи на необновување на договори на определено време, судиите едноставно констатираат дека „договорот истекол“, игнорирајќи ги дискриминаторските мотиви.

**Брунилда Менала, претставничка на Комесарот за заштита од дискриминација во Албанија**

Претставничката на албанското тело за еднаквост ги претстави клучните предизвици, барања и потреби со кое соочува ова институција. Телата за еднаквост мора да располагаат со соодветни законски овластувања, институционална автономија и капацитет самостојно да ги утврдуваат и спроведуваат дејствијата неопходни за почитување на начелото за еднаквост. Телата треба да бидат опремени со потребните надлежности, компетенции и ресурси за ефикасно спречување и адресирање на дискриминацијата, како и за унапредување на еднаквоста. Во таа насока, тие треба да се стуктурно и функционално независни, ослободени од било какво влијание и способни самостојно да расплагаат со сопствените ресурси и процеси на одлучување. При воспоставувањето на телата за еднаквост, државите имаат одредена флексибилност, но сепак, треба да се држат до рамката утврдена со директивите, независно дали мандатот се спроведува преку специјализирана институција или преку повеќе координирани мандати. Комесарот за заштита од дискриминација на Албанија, покрај разгледувањето на претставки, обезбедува стручна поддршка на креаторите на политики и поддршка за жртвите и го олеснуваат пристапот до правда. Преку примена на интерсекцискиот пристап, обезбедуваат поддршка за сите лица, без оглед на социо-економскиот статус, државјанството, јазикот или други фактори. Преку јасно развиени критеириуми се собираат податоци за следење на трендовите со дискриминација и прибирање на информации за системските проблеми. Институцијата е вклучена во интеринституционалната работна група во рамките на поглавјето „Политички критериуми“ и Поглавје 23 „Правосудство и фундаментални права“, како и на Интеринституционалната работна група во рамките на Поглавје 19 „Социјални политики и вработување“, поврзано со користењето на водичот во подготовката на процесот на скрининг, дел од институциите за мониторинг на спроведувањето на Националниот акциски план за лицата со попреченост 2021–2025, дел од Интеринституционалната работна група за Интерсекторската стратегија за заштита на жртвите на кривични дела 2024–2030, како и од Интеринституционалната работна група за Интерсекторската стратегија за правда за малолетници 2022–2026.

Институцијата Комесар посветува особено внимание на зајакнувањето на националната и меѓународната соработка со сродни институции, организации и мрежи за човекови права, со цел зајакнување на својата улога во спроведувањето на глобалната агенда за човекови права и меѓународните стандарди, не само во Албанија, туку и пошироко. Преку внимателно следење на состојбата на ромската и египќанската заедница во Албанија, Комесарот за заштита од дискриминација го насочува своето дејствување кон континуирано унапредување на стандардите за заштита и почитување на нивните права. Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство беше ратификувана од Албанија во 2012 година. Со донесувањето на Законот бр. 104/2012 за ратификација на Конвенцијата, државата ја изрази својата подготвеност да ја заокружи законската рамка за справување со семејното насилство и да

ги исполни обврските кои произлегуваат од Конвенцијата. Телото за еднаквост во Албанија внимателно ги следи чекорите за унапредување на учеството на жените во политиката и процесите на одлучување и смета дека се неопходни измени на постојната законска рамка, вклучително и Законот за родова еднаквост во општеството од 2008 година. Телото е особено посветено на развивање на соработката со другите тела во регионот и размена на знаења и искуства за слични прашања како што се родовата еднаквост во работните односи и третмано на бремените жени, сегрегацијата на децата Роми во образованието, третманот со лицата со попреченост и други прашања предмет на работа на телата за еднаквост во регионот.

## Зекир Абдулов, член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Како член на КСЗД, Зекир Абдулов, во своето излагање зборуваше за влијанието на механизмите и препораките на Советот на Европа врз работата на КСЗД, особено во развивањето на правната пракса. Советот на Европа дава напредно право толкување за аспекти важни за работата на КСЗД кои им помагаат да ги врамат и образложат случаите на дискриминација. Стандардите на Советот на Европа ја утврдуваат позитивната обврска на државата во спречување и заштита од дискриминација, па прекршувањето на таа обврска е основа за формулирање на препораките кои КСЗД ги донесува. Во таа насока, КСЗД би имала корист од постојана обука за развојот на правната пракса на Европскиот Суд за човекови права и другите механизми за заштита од дискриминација кои наоѓаат примена во образложенијата на КСЗД.

Во оваа прилика, уште еднаш беа потенцирани случаите за заштита од дискирминација на Ромите во пристапот до вода и домување и сегрегацијата на децата Роми во училиштата како добри примери на меѓусебно влијание на стандардите на Советот на Европа и правната пракса на КСЗД. Имено, во своите одлуки, КСЗД, меѓу другото, ги заснова врз праксата на Европскиот суд за човекови права, додека Европскиот суд за човекови прва во одлуката Елмазова и други против Северна Македонија ја цитираше одлуката на КСЗД за сегрегација на деца Роми во училиштата како еден од веродостојните извори за потврда на проблемот со сегрегацијата во Северна Македонија.

Во однос на предизвиците со кои се соочува КСЗД, Зекир Абдулов уште еднаш ја потенцираше финансиската независност и неможноста за целосно исполнување на надлежностите на телото. Дополнително, тој потенцираше дека е важна пристапноста до институцијата и отворање на регионални канцеларии преку кои ќе се зголеми бројот на претставки на граѓани надвор од Скопје. Ова е особено важно поради фактот што најголем дел од претставките се поднесени од страна на жители на Градот Скопје. Оттука, зајакнување на буџетската независност и зголемување на буџетот ќе придонесе кон зголемена присутност на КСЗД на територијата на целата држава и на тој начин ќе се обезбеди подеднаква заштита од дискриминација на сите граѓани.

RULE OF LAW

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

На крај, Закир Абдулов ја потенцираше улогата на КСЗД во законодавните реформи и потребата од зајакната соработка со институциите. Преку учеството на КСЗД во подготовката на законите во областа на недискриминацијата ќе се гарантира и преточувањето на стандардите на Советот на Европа во домашното законодавство. Како заклучок од оваа дискусија, Зекир Абдулов потенцираше дека е потребна континуирана соработка на КСЗД со останатите институции и огранизации во земјата, а како особено значајна ја потенцираше соработката со Советот на Европа.

ЕУ стандарди за еднаквост и улогата на телата за еднаквост

- Ниман Хајдари, член на управниот одбор на ЕКВИНЕТ
- Моника Чавловиќ, правна советничка во канцеларијата на Народната правобранителка во Хрватска
- Симонида Кацарска, Изврршна директорка ЕПИ
- Душан Томшиќ, член на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

**Модератор:** Игор Јадровски, Комисија за спречување и заштита од дискриминација

### Ниман Хајдари, член на управниот одбор на ЕКВИНЕТ

Претставникот на EQUINET се обрати на тема заштита од дискриминација во Европската Унија и клучната улога што ја играат телата за еднаквост и Европската мрежа на тела за еднаквост - EQUINET. И покрај значителниот напредок во текот на годините, дискриминацијата останува реалност во нашите општества. Таа влијае на поединците врз основа на раса или етничко потекло, род, попреченост, возраст, сексуална ориентација, родов идентитет, религија или верување и други карактеристики. Честопати, влијанието на дискриминацијата е интерсекционално, зајакнувајќи ја нееднаквоста и исклучувањето. Основани во секоја земја-членка на ЕУ, телата за еднаквост се независни национални институции задолжени за промовирање на еднаквоста и борба против дискриминацијата. Тие нудат помош на жртвите, спроведуваат истраги, даваат препораки, се вклучуваат во судски постапки и дејствуваат како застапници за системски промени. Од своето формирање во 2007 година, EQUINET собра 47 тела за еднаквост од цела Европа. Таа поттикнува соработка, негува експертиза и ги засилува националните гласови на европска сцена. Преку обука, вмрежување и ангажман со институциите на ЕУ, EQUINET ги зајакнува националните тела за еднаквост и гарантира дека тие се опремени да ги исполнат очекувањата поставени од стандардите на ЕУ. За да го исполнат својот потенцијал и да го максимизираат своето влијание, во мај 2024 година беа усвоени две Директиви за стандарди за тела за еднаквост, кои содржат обврзувачки стандарди за мандатот, независноста, ресурсите, задачите и овластувањата на телата за еднаквост за спречување на дискриминација, промовирање на еднаквоста, помагање на жртвите на дискриминација и враќање на правдата. Ова обврзувачко законодавство за стандарди за тела за еднаквост

е голем чекор кон подобро спроведување на законодавството на ЕУ за еднаков третман. Директивите вклучуваат збир на обврзувачки правила за зајакнување и подобро опремување на телата за еднаквост во голем број клучни области: мандат, независност, доволно ресурси, пристапност, консултации за процесот на креирање закони и политики, зголемени овластувања, подигање на свеста и превенција и известување. Ниман Хајдари потсети дека антидискриминацијата не е само законска обврска - таа е морален императив. Постигнувањето еднаквост бара повеќе од закони: бара силни, независни институции, информирани граѓани и култура што го цени секое човечко суштество. Додека гледаме напред, важно е да се посветиме на градење на таа култура. Со зајакнати тела за еднаквост, поддржани од EQUINET и поткрепени со робусни европски стандарди и законодавство, можеме да се приближиме кон инклузивна Европа каде што различноста се цени, а правата на сите се заштитени.

### Моника Чавловиќ, правна советничка во канцеларијата на Народната правобранителка во Хрватска

Претставничката на телото за еднаквост од Хрватска најпрво ја претстави уставната и законската основа за формирање на телото, кое е формирано во 1990 година согласно Уставот и Законот за Народниот правобранител, како целосно независна институција за човекови права која поднесува извештаи до хрватскиот Парламент. Во 2008 година доби „А-статус“ во 2008 година според Париските принципи, потврдувајќи ја својата независност и овластувања, а согласно Законот за антидискриминација од 2009 година претставува и национално тело за еднаквост. Телото ги истражува жалбите на граѓаните и поведува постапки по службена должност поврзани со јавните институции; работи на случаи на дискриминација низ 17 заштитени основи, освен оние под специјализирани омбудсмани (род, попреченост, деца), во сите области од животот и врши ненајавени посети на затвори, притворни центри, психијатриски установи и други места на лишување од слобода. Покрај заштитната функција, телото спроведува промотивни и едукативни надлежности, подготвува годишни извештаи, вклучувајќи анализа на поплаки, сиромаштија, здравствена заштита, дискриминација (Роми, постари лица, дојавувачи), детални извештаи на Национален превентивен механизам и поднесоци на УПР и на Советот на Европа со кои се повикуваат на реформи за владеење на правото. Народниот правобранител има инструментална улога во изготвувањето на Законот против дискриминација на Хрватска (2008) и се залагаше за стандарди на ниво на ЕУ преку нејзината улога во ECRI на Советот на Европа.

Со директивите на ЕУ од 2024 година, Народната правобранителка ги исполнува законските стандарди за независност, овластувања и ресурси на телото за еднаквост. Имено, постојат уставни гаранции за независност, безбеден буџет и пропорционално вработување. Мандатот на телото вклучува помош , истрага , водење судски постапки во јавен интерес, подигање на свеста и препораки за политики. Канцеларијата обезбедува пристапност и доволен административен капацитет. Усогласеноста на Хрватска е признаена, но

извештаите за мониторинг на ЕУ и Извештајот од мониторингот на Советот на Европа (2022–2025) идентификуваат преостанати дефицити во персоналот, овластувањата, следењето на спроведувањето и пристапот до податоци - особено во рамките на пријавувачите на неправилности и антидискриминаторските рамки. Хрватска ги исполнува главните законски барања од директивите за стандарди од 2024 година. Сепак, проценките на ЕУ и Советот на Европа укажаа на структурни празнини во персоналот, пристапноста и овластувањата кои бараат понатамошни мерки. Завршувањето на реформите - како што е ратификацијата на судските постапки/ажурирањата на овластувањата - ќе биде од суштинско значење за целосно усогласување на телото со ЕУ директивите.

Во однос на учеството на телата за еднаквост во процесот на евроинтеграција, Моника Чавловиќ ја потенцираше улогата на телата како национални монитори, обезбедувајќи земјите-кандидатки да донесат, применат и преиспитаат законите за дискриминација - клучно за усогласеност со Копенхашките критериуми. Преку програмите на ЕУ и Западен Балкан (на пр., Механизмот за родова еднаквост , ИПА ) телата за еднаквост обезбедуваат градење на капацитетите за следење, обука, собирање податоци и ангажирање со граѓанското општество. Интеграцијата во ЕУ стимулира обемни структурни реформи, при што телата за еднаквост придонесуваат со клучни податоци и застапување за време на фазата на усогласување. На крај, таа заклучи дека според искуството на Хрватска, телата за еднаквост се катализатори на интеграцијата. Тие се правни чувари кои обезбедуваат усвојување и спроведување на стандардите на ЕУ за антидискриминација. Всушност, Националните тела за еднаквост во земјите-кандидатки се клучни актери во рамката за интеграција во ЕУ, спроведувајќи ги законските стандарди, влијаејќи врз институционалните реформи и служат како канали помеѓу механизмите за следење на ЕУ и јакнењето на граѓаните.

### Симонида Кацарска, Извршна директорка на Институт за Европска Политика-ЕПИ

Во своето излагање, Симонида Кацарска се посвети на напредокот на Северна Македонија кон ЕУ, особено во однос на Поглавјето 23 и недискриминацијата. Според последните извештаи на Европската комисија за Северна Македонија – оценка за Поглавје 23, Северна Македонија се наоѓа помеѓу одредено и умерено ниво на подготвеност во примената на правото на ЕУ и европските стандарди во оваа област. Вкупно, не е забележан напредок. Судскиот систем на Северна Македонија се наоѓа помеѓу одредено и умерено ниво на подготвеност и не е забележан напредок. Северна Македонија се наоѓа помеѓу одредено и умерено ниво на подготвеност и не е забележан напредок во превенцијата и борбата против корупцијата. Правната рамка за фундаменталните права е делумно усогласена со правото на ЕУ и европските стандарди. Државата и понатаму ги исполнува своите општи обврски во однос на фундаменталните права, но законодавството треба да се применува на систематски начин.

Според последниот Извештајот на Европската Комисија за 2025 година, правната и институционалната рамка за недискриминација сѐ уште не е целосно усогласена со правото на ЕУ, вклучително и во однос на Директивата за расна еднаквост и директивите за стандардите за тела за еднаквост. Потребно е усвојување на национална стратегија или акциски план против расизмот, во согласност со стратегијата на Комисијата. Дополнително се забележува на одложувањето на усогласувањето на принципите за недискриминација низ сите релевантни закони.

Во почетокот на 2025 година, Собранието усвои измени на Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за учебници за основно и средно образование. Измените беа усвоени по скратена постапка и без консултации со релевантните чинители, со што беше отстранета содржината за сексуално и репродуктивно здравје и родова еднаквост. Ова предизвика загриженост во однос на усогласеноста со Законот за спречување и заштита од дискриминација и меѓународните стандарди. Дополнително, Симонида Кацарска го потенцираше отсуството на институционална и финансиска независност на КСЗД и недоволниот административен кадар, кои влијаат врз функционирањето на Канцеларијата на Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во таа насока, треба да се искористат директивите на ЕУ 2024/1499 и 2024/1500 за барање посилна правна независност и буџетска автономија. Новите директиви на ЕУ утврдуваат обврзувачки минимални стандарди според кои телата за еднаквост мора да функционираат независно, со транспарентни постапки за именување, соодветни финансиски и човечки ресурси и заштита од политичко влијание. Преку позиционирање на реформите како задолжителни за процесот на пристапување кон ЕУ, КСЗД може да бара уставни и законски измени, како што се: обезбедување посебна буџетска линија одобрена од Собранието; воспоставување заштитени, мерит-базирани постапки за именување; и усвојување законски гаранции против политичко мешање. Со вградување на независноста, мандатот и ресурсите на КСЗД во рамките за мониторинг на ЕУ, се зголемува притисокот врз националните власти да постапуваат и се унапредува улогата на КСЗД како клучна институција за демонстрирање на демократска зрелост.

### Душан Томшиќ, претседател на Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Во своето излагање, Душан Томшиќ, најпрво се осврна на соработката со EQUINET – Европската мрежа на тела за еднаквост како стратешки важна за КСЗД, затоа што ѝ овозможува да работи според истите стандарди и практики како европските институции кои се меѓу најразвиените во оваа област. EQUINET обезбедува платформа каде КСЗД учи од најуспешните модели во Европа за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата добива пристап до учество во работните групи, обуки, тематски студиски посети, алаки за анализа и методологии за работа кои дале резултат кај другите тела кои имаат подолго искуство. На овој начин, директно се јакне професионалниот капацитет на

институцијата. Од друга страна, преку EQUINET, КСЗД ги споредува своите резултати со телата за еднаквост во другите земји, и на тој начин ги идентификува слабостите и поставува реални цели за понатамошен развој. EQUINET мрежата, исто така, е клучен партнер во процесот на усогласување со новите ЕУ директиви за телата за еднаквост, што е важно за исполнување на обврските од Поглавја 19 и 23. На крај, членството во EQUINET ја зацврстува позицијата на КСЗД како независно, современо и професионално тело за еднаквост, што гради доверба и кај граѓаните и кај меѓународните партнери.

Во вториот дел од своето излагање, Душан Томшиќ се фокусираше на можностите кои ги носат новите Директиви за работата на КСЗД. Новите европски директиви го отвораат патот за подобра заштита на жртвите од дискриминација, преку јасни процедури, користење на стандардизирани методологии и обезбедување на правна помош. Тие се исклучително важни за целосна институционална независност на КСЗД – функционална, финансиска и оперативна, на која ќе и се гарантираат доволно ресурси - буџет и доволно кадар за испонување на сите законски надлежности. Истовремено, ќе се зајакне и обврската на КСЗД за зголемена превентивна работа преку промоција, едукации, истражувања и препораки на нови предлог законски решенија за обезбедување на еднаквост и почитување на правата на сите во државата.

На крај, Душан Томшиќ се осврна на иднината и правецот на делување на КСЗД. Според него, КСЗД мора да оди подалеку од реактивно решавање индивидуални случаи, и да се насочи кон системската, структурната и интерсекциската дискриминација. Тоа подразбира работа на ниво на политики, превенција и општествени промени, а не само водење на индивидуални постапки. Со оглед дека дискриминацијата не е еднодимензионална, КСЗД треба подобро да го интегрира интерсекциски пристап во сите случаи, препораки и истражувања и да гради стратешки судски постапки во случаи на комбинирана дискриминација преку кои ќе се адресира ситемската дискриминација и ќе придонесе кон долготрајни промени во општеството.

## Заклучни согледувања

Конференцијата „Пет години превенција и заштита од дискриминација: постигнувања и идни насоки“ претставува значаен момент за критичка рефлексија за развојот, улогата и влијанието на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во периодот 2021–2025 година. Дискусиите јасно покажаа дека воспоставувањето на првиот професионален состав на КСЗД е суштински исчекор во зајакнувањето на националниот систем за заштита од дискриминација и унапредувањето на пристапот до правда, особено за ранливите групи.

Во изминатите пет години, КСЗД изгради релевантна пракса преку постапување по индивидуални претставки, донесување општи препораки и вклучување во стратешки постапки, вклучително и како пријател на судот и преку иницирање *actio popularis* судска постапка. Особено значајно е што одлуките и мислењата на КСЗД се препознаени и користени и на меѓународно ниво, вклучително и од Европскиот суд за човекови права, што ја потврдува нивната правна и фактичка релевантност. Истовремено, Комисијата има отворена соработка со граѓанскиот сектор, меѓународните организации и регионалните тела за еднаквост, што дополнително ја зајакнува нејзината улога како централен национален авторитет во областа на еднаквоста.

Сепак, конференцијата јасно укажа дека институционалната одржливост на КСЗД останува сериозен предизвик. Недостатокот на финансиска и оперативна независност, недоволниот административен кадар, ограничената територијална пристапност и преовладувачкиот реактивен пристап во работата ја ограничуваат способноста на Комисијата целосно да ги реализира сите свои законски надлежности, особено во делот на превенцијата, промоцијата и системското дејствување. Дополнително, беше истакната потребата од подобра координација со судовите и другите институции, како и од понатамошно унапредување на судската пракса во примената на антидискриминациското право.

Во контекст на процесот на евроинтеграција, конференцијата потврди дека КСЗД има клучна улога во исполнувањето на обврските од Поглавје 23 и во демонстрирањето на кредибилитетот на државата во областа на владеењето на правото и фундаменталните права. Новите директиви на ЕУ за стандарди за тела за еднаквост (2024/1499 и 2024/1500) отвораат конкретна можност за зајакнување на правната, финансиската и институционалната независност на КСЗД и треба да се искористат како јасен реформски патоказ.

Конференцијата испрати јасна порака дека идниот развој на КСЗД треба да биде насочен кон премин од доминантно реактивно постапување кон проактивна, системска и интерсекциска борба против дискриминацијата. Зајакнувањето на независноста, ресурсите, пристапноста и стратешката улога на Комисијата не е само институционално

прашање, туку суштински предуслов за ефективна заштита на еднаквоста, зајакнување на јавната доверба и напредок на Северна Македонија кон Европската Унија.

Настанот заврши во 15 часот.